| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во мојата градинка |
| **Содржина на денот** | Оп, оп, скок |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Практична активност за правилно миење на рацете. На детето со практичен пример му се демонстрира постапката за правилно миење на рацете и се поттикнува на самостојно миење на рацете со поддршка на возрасен. |
| **Активности** | 1. Подвижна игра – Веселото зајаче<br>Вежби за раздвижување на нозете и стапалата според дадени инструкции(стоење на прсти, на пета, трчање, клекнување, станување и сл)<br>Потоа се разговара со детето како скока зајачето и детето го имитира скокањето. Се определува просторот за игра внатре или надвор и се поставуваат ознаки за почеток и крај на одредено растојание од околу 3 метри. Детето застанува на почетната линија и со имитативни движења на зајачето скока со две нозе до целната линија. Детето може да ја поминува патеката додека има интерес. Возрасниот го мотивира со позитивни пораки.<br>На крај се смирува со вежби за истегнување на нозете.<br>-Боење во контура – Морковче за зајаче.<br>На хартија се црта контура на морков од страна на возрасен. Потоа се разговара со детето за бојата на морковот, му се покажува вистински плод или слика, а детето се обидува да ја пронајде соодветната боица и да го обои морковот.<br>-Читање сликовница по избор на детето. |